**Г Р А Д   С К О П Ј Е**

ПРЕДЛАГАЧ: **Градоначалник на Град Скопје**

ИЗГОТВУВАЧ: **Сектор за јавни дејности**
**Одделение за социјална, детска и здравствена заштита**

ПРЕТСТАВНИК: **Секретар на Град Скопје**

ПОВЕРЕНИК: **Раководител на Сектор за јавни дејности**

# ПРЕДЛОГ - О Д Л У К А
**за определување на максимален износ за доделување на парична помош за социјално загрозени лица погодени од енергетската и финансиска криза во 2023 година**

Скопје, март 2023 година

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ број 05/02) и Програмата за активностите во областа на социјална, детска и здравствена заштита, во град Скопје за 2023 година (“Службен гласник на Град Скопје“ бр.18/22), Советот на Град Скопје на _____ седница, одржана на __.__.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за определување на максимален износ за доделување на парична помош за социјално загрозени лица погодени од енергетската и финансиска криза во 2023 година**

**Член 1**

Со оваа одлука, Град Скопје го определува максималниот износ за доделување на парична помош за социјално загрозени лица погодени од енергетската и финансиска криза во 2023 година

**Член 2**

Максималниот износ за доделување на парична помош за социјално загрозени лица погодени од енергетската и финансиска криза во 2023 година изнесува 3000 денари, со вклучен данок на личен доход.

**Член 3**

За субвенционирање на социјално загрозените граѓани, жители на градот Скопје, се обезбедени средства од Буџетот на Град Скопје, од Програма В2, ставка 464, конто 990, во висина од 15.000.000 денари со вклучен данок на личен доход

**Член 4**

Се овластува градоначалникот на Град Скопје да ги пропише конкретните услови, начинот и постапката за доделување на парична помош за социјално загрозени лица погодени од енергетската и финансиска криза во 2023 година

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Град Скопје“.

Број ___________

__.__. 2023 година

С к о п ј е

СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ
ПРЕТСЕДАТЕЛ,

Трајко Славески

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Правен основ за донесување на предложената одлука е членот 36 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ број 05/02), каде е утврдена надлежноста на Советот на Град Скопје и Програмата за активностите во областа на социјална, детска и здравствена заштита, во град Скопје за 2023 година (“Службен гласник на Град Скопје“ бр.18/22)

Еден од главните приоритети на Програмата за активностите на Град Скопје од областа на социјална, детска и здравствена заштита е остварувањето социјална грижа и заштита на граѓаните од социјално ранливи категории. Во таа насока, Градот Скопје реализира програми и активности кои што значително им помагаат на социјално загрозени лица сé со цел подобрување на квалитетот на нивното живеење.

Категории граѓани кои ќе бидат опфатени со овој јавен повик:

- Примателите на гарантирана минимална помош;
- Пензионери со минимална пензија до 15.000 денари и
- Стечајни работници.

Со предложената одлука се определува максималниот износ за доделување на поединечна парична помош на социјално загрозени лица, жители на градот Скопје, кои се погодени од финанискатa и енергетската криза во 2023 година , за што Градот Скопје ќе им доделиЅ средства во висина од 3000 денари со вклучен данок на личен доход.

Врз основа на горенаведеното се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената одлука.